


***Кога полицијата не постасува по Закон, системот е под сериозен ризик. Со тоа што не ја спречи Литијата, како верски јавен собир – МВР не ја изврши својата задача и не спречи извршување на кривични дела од член 205 и член 206 од Кривичниот Законик***

# Безбедносно – правна анализа на Литијата во Струга

## *Вовед*

Целта на оваа кратка безбедносно - правна анализа е да даде стручен осврт на дилемите што се појавија во јавноста за (не) реагирањето на припадниците на МВР по повод одржувањето на струшката Богојавление... 

Согледуваната се темелат на анализа на Устав, закони, подзаконски акти, одлуки , уредби и соопштенија и тоа:

1) Устав на РСМ
2) Конвенција за заштита на човековите права и основните слободи.
3) Закон за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група.
4) Закон за прекршоците против јавниот ред и мир.
5) Закон за јавните собири.
6) Уредба со законска сила за примена на законот за јавните собири за време на вонредна состојба.
7) Кривичен законик
8) Закон за внатрешни работи.
9) Закон за полиција.
10) Соопштение по повод Струшката Бордија, Бигорски манастир, 04.05.2020 год.
11) Соопштение на МВР, објавено на веб страна, 08.05.2020 година

# За верските права и ограничувањето на слободите

Слободата на вроисповед е уставно гарантирана, но ...

***Со закон може да се ограничи слободата на изразување на религијата или убедувањето доколку тоа е неопходно во интерес на јавната сигурност, поредокот, здравјето, моралот или заштита на правата и слободите на другите***

**Според** Уставот на РСМ**, во *членот 19, се гарантира слободата на вероисповеста.Се гарантира слободно и јавно, поединечно или во заедница со други, изразување на верата*. Но, потребно е да се потенцира дека според истиот член *Македонската православна црква, како и другите верски заедници и религиозни групи се одвоени од државата и се еднакви пред закон*. Тоа значи, дека МПЦ во ниту еден случај, не смее во една секуларна држава како што е РСМ да биде третирана на било каков привилегиран или пак дискриминирачки начин.**

**Бидејќи според *член 118* од** Уставот **- *Меѓународните договори што се ратификувани во согласност со Уставот се дел од внатрешниот правен поредок и не можат да се менуваат со закон*, тоа подразбира дека одредбите од** Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи **се подеднакво дел од внатрешниот правен поредок и со ниту еден закон не можат да се донесат одредби кои ќе противречат на одредбите од Конвенцијата.**

**Во неа, во *членот 9 – Слобода на уверување, совест и религија* иако е наведено дека *секој има право на слобода на уверување, совест и религија, вклучувајќи го и правото на промена на религијата или уверувањето: и слободата да сам или во група, во јавност или приватно, ја изрази својата религија или убедување, прекупочитување, поучување, богослужба и обред*, сепак во ставот 2 изречно се наведува дека ваквата *слобода на изразување на религијата или убедувањето може да се ограничи само со закон и доколку е тоа неопходно во едно демократско општество во интерес на националната безбедност, јавната сигурност, здравјето или моралот или за заштита на правата и слободите на другите*.**

**Во духот на оваа одредба е и *членот 8* од** Закон за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група **во кој е наведено дека *со закон може да се ограничи слободата на изразување на религијата или убедувањето доколку тоа е неопходно во интерес на јавната сигурност, поредокот, здравјето, моралот или заштита на правата и слободите на другите*.**

**Земајќи ги во предвид погоре наведените одредби, во време на светска пандемија, Владата на РСМ беше должна да донесе Уредба со законска сила која ќе ја ограничи слободата и начинот на практицирање на верските ритуали и обреди во интерес на јавното здравје.**

Уредба со законска сила за примена на Законот за јавните собири за време на вонредна состојба**,** Бр. 44-2394/1 од 20 март 2020 година

***член2  се забранува одржување на јавни собири на територијата на Република Северна Македонија, за време на траење на вонредната состојба***

## Позитивни законски прописи за верските обреди и јавни собирања

*Литијата во Струга несомнено е јавен собир, што во време на нејзиното одржување е забрането*

**Според член 18 од** Закон за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група ***религиозниот култ се врши во верски објекти како храм, џамија, молитвен дом, синагога, на гробишта и во други простории на црква, верска заедница и религиозна група. Религиозниот култ може да се врши и да се практикува и во други простории и*** *јавни места**.***

**Клучна одредба од овој член е *ставот 6*, во кој е пропишано дека *никој не смее да ги попречува свештените лица и верските службеници од цркви, верски заедници и религиозни групи во Република Македонија во извршувањето на нивните верски активности во јавните верски објекти и таму каде што тоа е дозволено согласно со овој закон*, но тоа никако не значи дека извршувањето на верските активности не може да се ограничи привремено. Дополнително, *членот 4 став 2* од истиот закон пропишува дека *верското убедување не го ослободува граѓанинот од обврските што како граѓанин ги има според Уставот, законите и другите прописи, освен ако тоа со закон или друг пропис поинаку не е уредено*, а *членот 7* потенцира дека *црквата, верската заедница и религиозната група своите активности ги вршат согласно со позитивните законски прописи на Република Македонија, меѓународните декларации и конвенции за слободата на вероисповедта и изразувањето на верата*.**

***“ Црквата, верската заедница и религиозната група своите активности ги вршат согласно со позитивните законски прописи на Република Македонија, меѓународните декларации и конвенции за слободата на вероисповедта и изразувањето на верата “***

**Во *членот 2* од** Законот за јавните собири **е наведено дека *верските обреди што се одржуваат во простории наменети за верски цели* не се сметаат за јавни собири. Но како што претходно видовме дека секој религиозниот култ може да се врши и да се практикува и во други простории и јавни места[1], што значи секое напуштање на верскиот храм за практикување на верски обред,**

[1] **Како „јавно место“ во членот 3 од** Закон за прекршоците против јавниот ред и мир **се дефинира** ***местото на кое е слободен пристапот на неопределен број лица без какви и да било услови (улица, училишта, плоштади, патишта, излетнички места, пристаништа, чекални, угостителски, трговски и занаетчиски дуќани и слично) или под определени услови (спортски стадиони и игралишта, средства за јавен превоз, кино сали, театарскии концертни сали, изложбени простории, градини и слично), како и други места кои во определено време служат за вакви намени (земјишта или простории во кои се одржуваат јавни собири, приредби, натпревари и слично). Ќе се смета дека прекршок од овој закон е извршен на јавно место и кога дејствието е сторено на место кое во смисла на ставот 1 од овој член не се смета за јавно место, ако тоа е достапно на поглед од јавно место (балкон, тераса, дрво, столбиште, скалила и слично) или ако последицата***

**освен погребни поворки, доколку ги исполнува условите пропишани во** Законот за јавни собири**, се смета за јавен собир.**

**Односно, како што пропишува** ***членот 2, под јавни собири на повеќе од 20 граѓани, се сметаат собирање на отворен или затворен простор заради остварување на забавни, културни,*** *верски*, ***хуманитарни, социјални, политички, економски, спортски или слични интереси на граѓаните, организирани заради јавно изразување на мислење или протест*****.**

**Земајќи ги во предвид погоре наведените делови од законите, Литијата[2] „Еордија" во Струга, како православен обред кој се извршува во форма на торжествена поворка од страна на свештенослужителите и верници, проследена со црковни химни, икони, крстови, рипиди и други православни свети предмети,** *несомнено претставува јавен собир*. **(извршена е надвор од простории наменети за верски цели, односно на јавно место, со повеќе од 20 луѓе итн.).**

***Литијата во Струга несомнено претставува јавен собир. И во важечка вонредна состојба овој собир во ниту еден случај не смеел да се одржи***

**Претходно, Владата на РСМ со** Уредба со законска сила за примена на законот за јавните собири за време на вонредна состојба**, Бр. 44-2394/1 од 20 март 2020 година, во** ***членот 2*** **одреди дека** ***се забранува одржување на јавни собири на територијата на Република Северна Македонија, за време на траење на вонредната состојба.***

**Ова значи, дека** во ниту еден случај, на 7 мај 2020 година, во важечка вонредна состојба, не можел да се одржи јавен собир **(без разлика дали станува збор за собир од забавен, културен,** ***верски*****, хуманитарен, социјален, политички, економски или од спортски карактер), без директно да се изврши прекршок во смисла на** Уредбата со законска сила за примена на законот за јавните собири за време на вонредна состојба.

***настапила најавно место.*** **Овој член може да се толкува од повеќе аспекти во однос на тоа дали и самиот верски храм претставува јавно место иако не е изречно наведен како таков. Индиректно, може да се разгледува како јавно место бидејќи во него е слободен пристапот на неопределен број лица без какви и да било услови. Но, повеќе од јасно е дека секое дејствие во дворно место на верскиот храм, како место кое е достапно на поглед од јавно место, ако претставува прекршок, ќе се смета дека е извршен на јавно место.**

[2] Литијата во дигитален речник на македонскиот јазик се дефинира: *Во православната црква процесија од верници со свештенство како церемонијал на набожност*.

## Фактичка ситуација непосредно пред Литијата во Струга

**На 4 мај 2020 година, на веб страната на Бигорскиот манастир е објавено преку** соопштение по повод Струшката Еордија ***дека традиционалната древна струшка Еордија – литија, ќе се одржи и оваа година, во четврток на 7 мај 2020 година. Меѓутоа, поради вонредната состојба со пандемијата на коронавирусот, и во согласност со превентивните мерки на државните и здравствените власти, овој пат Литијата ќе биде составена само од дел од локалното свештенство и монаштво. Исто така, со почеток во 16 часот, во струшкиот храм на Свети Георгиј Победоносец, од страна на Митрополитот Дебарско-кичевски г. Тимотеј и на дел од локалното свештенство, ќе биде отслужена и традиционалната ктиторска Вечерна со панихида за покојните ктитори и градители, но повторно без присуство на народ. Со цел на верниците да им се овозможи да земат молитвено учество во оваа Вечерна, храмот ќе биде озвучен и тие ќе можат да ја слушаат богослужбата однадвор. По завршетокот на Вечерната, околу 17 часот, ќе започне Литијата.***

**На овој начин, преку соопштение извршен е најпрво обид за вешто прикривање на очигледниот јавен собир кој ќе се случи и предвремено заземање на позиција во која би бил оневозможен напад и осудување на Црквата доколку се појават верници на самата литија. Сепак, од желбата по секоја цена да се спроведе Литијата се заборава фактот дека надвор од Верскиот храм, односно на јавно место, комплетно важи** Законот за јавни собири**, кој изречно забранува јавен собир во вонредна состојба. Дополнително на сила е и** *забраната за собирање во група поголема од две лица, во паркови и на други јавни места и површини*. **На овој начин МПЦ во самиот старт на активностите наведува дека ќе прекрши две одредби.**

**Во нормални услови, според** ***член 3*** **од** Законот за јавните собири, ***заради интересите на безбедноста организаторот на јавниот собир може да го извести Министерството за внатрешни работи за одржување на јавнот собир и мерките што се преземени за неговото одржување.*** **Ваквото известување** ***се поднесува во подрачната единица на Министерството за внатрешни работи на чие подрачје се одржува јавниот собир најдоцна 48 часа пред почетокот на одржувањето на јавниот собир. Во известувањето организаторот ги наведува следниве податоци: целите на одржувањето на јавниот собир; местото и времето на одржувањето; организаторот на јавниот собир; мерките што организаторот ги презел во врска со непречено организирање и одвивање на јавниот собир и податоците за организаирање на редарската служба (бидејќи организаторот на јавниот собир е должен да го обезбеди одржувањето на редот на јавниот собир и да организира редарска служба). Доколку организаторот побара, а Министерството за внатрешни работи определи обезбедувањето на одржувањето на редот на јавниот собир да го врши полицијата, трошоците за тоа обезбедување ги поднесува организаторот.***

Прашања кои се поставуваат се: **Дали организаторот на струшката Литија поднел известување за одржување на јавен собир до подрачната единица на МВР, во случајот ОВР Струга? Доколку поднел, дали во известувањето детално се наведени мерките кои организаторот ги презел во врска со непречено организирање и одвивање на јавниот собир? Дали организаторот побарал од МВР обезбедувањето на одржување на редот на јавниот собир да го врши полицијата?**

**Доколку одговорот на првото прашање е потврден, односно организаторот на струшката Литија поднел известување за одржување на јавен собир, тогаш раководството на ОВР Струга**

**(која е во рамки на СВР Охрид), било должно да го извести подносителот на известувањето, односно организаторот на јавниот собир, дека според** Уредбата со законска сила за примена на законот за јавните собири за време на вонредна состојба**, јавните собири од било каков карактер се** времено забранети **и секое напочитување на ваквата одредба ќе претставува од една страна директен** прекршок **на уредбата со што директно би се загразило јавното здравје на граѓаните, а од друга страна секое поведение во таа насока би се сметало за извршување на кривично дело** *Пренесување заразна болест - Член 205 и Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија - Член 206* **од** КЗ на РСМ**.**

**Началникот на ОВР Струга, наместо да го запознае старешината на Црквата дека собирот не смее да се одржи, тој само ја нагласува потребата од доследно и дисциплинирано придржување до сетот мерки и препораки на здравствените органи и владините мерки за заштита од зараза и со тоа директно го прекршил Законот**

**Бидејќи** фактичката ситуација **укажува дека таков настан се случи, организаторот на настанот треба да одговора најпрво прекршочно по три основи (1. Забрана за јавни собири; 2. Забрана за собирање во група поголема од две лица, во паркови и на други јавни места и површини; и 3. Носење на лична заштитна опрема на лицето при излегување надвор од својот дом, односно при движење на јавни места) и кривично по член 205 и 206 од КЗ на РСМ.**

**На 08.05.2020 година, на веб страната на Министерството за внатрешни работи е објавено** Соопштение**, кое доколку внимателно се анализира открива дека МВР била запознаена со идниот јавен собир (останува прашањето дали е известена писмено?), бидејќи на 04.05.2020 година, началникот на ОВР Струга, заедно со други претставници од полициската станица, одржуваат работен состанок со старешината на црквата „Св.Ѓорѓи“ во Струга.**

**На оваа средба, началникот на ОВР Струга, наместо да го запознае старешината на Црквата со претходно наведените факти и да го спречи идниот јавен собир, тој само ја нагласува потребата од доследно и дисциплинирано придржување до сетот мерки и препораки на здравствените органи и владините мерки за заштита од зараза со Корона вирусот и при вршење на верските служби и други активности за време на литијата, црковните и другите лица, строго да се придржуваат до одредбите за држење прописно растојание. На овој начин со неизвршување на својата службена должност,** *Началникот на ОВР* Струга **(вклучително и Командирот на ПС Струга како и начачалникот на СВР Охрид како директен претпоставен)** *сториле кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување - Член 353 од КЗ.*

**На средбата старешината на црквата информирал дека, во согласност со превентивните мерки, Литијата ќе биде составена само од дел од локалното свештенство и монаштво, без присуство на луѓе во текот на движењето. Со цел непречено и безбедно одвивање на**

**предвиденіот верски настан, ОВР Струга дополнително изготвува оперативен план и во согласност со истиот, на 07.05.2020 година, врши физичко покривање на поширокиот дел од црквата „Св.Ѓорѓи“, во чиј двор е забележана помала група верници кои имаат заштитни маски и се на соодветно меѓусебно растојание**

***Началникот на ОВР Струга, вклучително и Командирот на ПС Струга, како и началникот на СВР Охрид како директно претпоставен сториле кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување – член 353 од КЗ***

## Почеток и траење на Литијата во Струга

**Бидејќи е веќе пропуштено да биде спречен јавниот собир, овде ќе бидат анализирани самиот почеток и текот на активности и пропустите на полициските службеници.**

***Со одржувањето на јавниот собир – Литија во Струга, ниту е остварена основната функција на полицијата, ниту правилно се извршени полициските работи. За ова Министерот кој раководи со МВР мора да понесе одговорност***

**Според Законот за полција, *Полицијата е дел од МВР во кој се вршат полициски работи преку полициски службеници* (член 2).**

*Основна функција* ***на Полицијата е заштита и почитување на основните слободи и права на човекот и граѓанинот гарантирани со Уставот на Република Македонија, законите и ратификуваните меѓународни договори, заштита на правниот поредок, спречување и откривање на казниви дела, преземање мерки за гонење на сторителите на тие дела, како и одржување на јавниот ред и мир во општеството*** **(член 3).**

**Дел од *полициските работи*, како што е наведено во членот 5, се: *заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните; заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот гарантирани со Уставот на Република Македонија, законите и ратификуваните меѓународни договори; спречување на вршење кривични дела и прекршоци, откривање и фаќање на нивните сторители и преземање на други со закон определени мерки за гонење на сторителите на тие дела; и одржување на јавниот ред и мир.***

**Со одржувањето на јавниот собир во Струга, ниту е остварена основната функција на полицијата, ниту правилно се извршени полициските работи.** За ова мора Министерот на МВР да понесе одговорност.

**Како што информираат од МВР, *при движење на Литијата кон кејот и на шеталиштето, од споредните улици и од дворовите на приватните куќи, околу 17.30 часот, полициските службеници забележуваат движење и приклучување на групи верници. Во прв момент има обид на полициските службеници да се спречи нивно ефективно вклучување во поворката при што наидуваат на вербална реакција и негодување од граѓаните*. Од МВР оценуваат дека *таа појава не било возможно целосно да се спречи со поригорозна полициска интервенција поради можноста од пожестока реакција на верниците и ескалација на ситуацијата*.**

**Според *членот 4* од** Законот за јавни собири, ***организаторот е должен да го прекине одржувањето на јавниот собир, ако дојде до загрозување на животот и здравјето, безбедноста и личната сигурност на луѓето и имотот.*** **Дополнително, според *член 6* од истиот закон**

***Министерството за внатрешни работи ќе го прекине одржувањето на јавен собир во случаите кога истиот е насочен кон загрозување на животот, здравјето, безбедноста, личната сигурност и имотот на граѓаните.***

*Со непостапување* ***секој од полициските службеници кои се ангажирани за обезбедување на јавниот собир сторил кривично дело злоупотреба на службената положба и овластувања – член 353 од КЗ и дисциплински повреди од член 187 од Законот за внатрешни работи***

**Со непрекинување на јавниот собир МВР** директно овозможуваат дејствија **на извршување на прекршоци по три основи (1. Забрана за јавни собири; 2. Забрана за собирање во група поголема од две лица, во паркови и на други јавни места и површини; и 3. Носење на лична заштитна опрема на лицето при излегување надвор од својот дом, односно при движење на јавни места) и извршување на кривични дела од член 205 и член 206.**

**Со ваквото непостапување, секој од полициските службеници кои се ангажирани за обезбедување на јавниот собир со неизвршување на својата службена должност,** *сториле кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување - Член 353 од КЗ.* **Покрај кривична одговорност, полициските службеници и раководителите треба да сносат и дисциплинска одговорност според** ***Член 187 - Потешки случаи на кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски*** **од** Законот за внатрешни работи**, поради не извршување или несовесно и ненавремено извршување на работните обврски.**

**Бидејќи МВР во моментот на случување на јавниот собир донела безбедносна проценка дека е невозможно превземање на полициски овластувања, без ескалација на ситуацијата (според членот 35 од Законот за полиција - примената на полициските овластувања мора да биде сразмерна на потребата заради која се преземаат. А од полициските овластувања се применуваат само оние со кои со најмалку штетни последици и во најкраток временски период ќе се оствари целта), тогаш полициските службеници откако најпрво предупредиле и издадале наредба, морале дополнително подоцна сеопфатно да превземат оперативно тактички и технички мерки (во форма на полициски овластувања според член 28 од Законот за полиција) со кои ќе соберат информации за тоа кои граѓани се присутни на јавниот собир како и преку полициско овластување снимање на јавни места, да го снимаат и фотографираат целиот настан, се со цел по стишување на ситуацијата да извршат повикување на пристутните лицата и целосно расчистување на настанот.**

**Секој од пристутните граѓани е одговорен прекршочно (во зависнот од дејствието по најмалку еден од трите претходно спомнати основи) и дополнително потребно е да се утврди кривичната одговорност по членот 205 и 206 од КЗ на РСМ.**

**Закон за внатрешни работи:**

Внатрешна контрола

Член 58

**(1) Внатрешната контрола ја остварува посебна организациска единица за потребите на Министерството која спроведува постапки за оценување на законитоста на постапувањето на работник во Министерството.**

Надворешна контрола

Член 59

**Надворешна контрола на работата на Министерството врши Народниот правобранител.**

Контрола од Народниот правобранител на Република Северна Македонија

Член 64

**Народниот правобранител на Република Северна Македонија врши контрола на работата на работниците во Министерството под услови утврдени со посебен закон.**

*Авторот на текстот е познат на редакцијата*

*авторот на текстот е познат на редакцијата*